# ПОЛНИЛО C/X

*Градежно кварцно полнило за општа употреба*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Се применува за подготовка на епоксидна маса за глетување, малтери за конструктивна санација, китови за фугирање или смеси за исполнување на пукнатини и нерамнини на цементни површини во комбинација со епоксидна смола Адингпокс 1 или Адингпокс 1ПВ. Исто така се применува и како посип при изведба на противлизгачки подови од метакрилатни, синтетички смоли и епоксидни премази. Обезбедува подобрен контакт и врска при лепење на плочки врз хидроизолациони премази на полиуретанска или акрилатна основа. Обезбедува подобрен контакт и врска при поставување на битуменска хидроизолација на бетонски мостови. Се користи и за чистење на филтри за базени и за суво пескарење.

## СВОЈСТВА

- Природен чист кварцен песок без примеси
- Достапен во повеќе гранулации, просеан и селектиран според големината на зрното
- Одлични механички својства

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| | | |
|---|---|---|
| Изглед | - | песок боја |
| Големина на зрно | - | 0-0,3mm |
| | - | 0-0,5mm |
| | | 0,3-0,8 mm |
| | - | 0,5-1,2 mm |
| | - | 1,0-2,0 mm |
| Тврдина (Mohs) | | 7 |
| Загуба при жарење | - | <0,3% |
| Насипна густина | - | 1250-1500kg/m$^3$ |
| Влага | - | < 1% |
| Содржина на $SiO_2$ | - | >98% |
| | - | |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПРИМЕНА КАКО ПОЛНИЛО ЗА ПОДГОТОВКА НА ЕПОКСИДНИ СМЕСИ ЗА КОНСТРУКТИВНА САНАЦИЈА НА БЕТОНСКИ КОНСТРУКЦИИ, ЗА ГЛЕТУВАЊЕ И ИСПОЛНУВАЊЕ**

Епоксидните смеси (глет, малтер, кит) за конструктивна санација, глетување и исполнување се припремаат со мешање на Полнило С/Х во комбинација со епоксидна смола Адингпокс 1 или Адингпокс 1ПВ. Полнило С/Х полека се додава во претходно припремена епоксидната смола Адингпокс 1 или Адингпокс 1ПВ (А+Б) и машински се меша до потполна хомогенизација, се додека не се истисне заробениот воздух. Соодносот на мешање на количините на Адингпокс 1 и Полнило С/Х се одредува во зависност од примената и бараните перформанси.

**ПРИМЕНА КАКО ПОСИП ЗА ПРОТИВЛИЗГАЧКИ ПОДОВИ**

Полнило С/Х се користи при изведбата на противлизгачки подови со премази Адингпокс 1БП, Адингмаркер П, Адингколор РФ, со цел да се постигне против-лизгачка површина на подовите. Исто така, Полнило С/Х се аплицира на свежо нанесен еппоксиден прајмер (Адингпокс 1ПВ) пред поставување (заварување) на битуменски хидроизолационен систем на плочи на мостови. Притоа, Полнило С/Х се нафрла на свежо нанесен завршен премаз во количина во зависност од дефинираната обработка на подот според проектната документација. За оваа намена се користи полнило со покрупна гранулација, вообичаено: (0,3-0,8)mm или (0,5-1,2)mm.




ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk
www.ading.com.mk

## ПОТРОШУВАЧКА

Во зависност од примената.

## ПАКУВАЊЕ

Натрон вреќи 30 kg.

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална затворена амбалажа, на температура од 5°C до 35°C.

Рок на употреба 36 месеци.



Опасност по здравјето: Информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање: Информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.



ADING

АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk